**20101583312**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Број 07-4957/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009 и 48/10), во членот 10-а по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

"(7) Комисијата од ставот (2) на овој член води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот за финансии во согласност со министерот за правда."

Член 2

Во членот 50 ставот (2 ) се менува и гласи:

"Вработените во Царинската управа што вршат работи од областа на финансиско, општо-административно, материјално работење и јавните набавки, во кои не се опфатени работите и задачите во врска со царинските постапки се државни службеници.“

Во ставот (3) зборовите: "административно-технички" се заменува со зборот "технички".

Член 3

Актот за систематизација на работните места во Царинската управа ќе се усогласи со одредбите од овој закон во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон .

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.